Вто Јун 02 09:00:00 CEST 2026

# Wolt пристигна во Охрид: Достава од Канео до Далјан

Охрид, јуни 2026 – Wolt пристигна во Охрид во најзабавниот и најдинамичен период од годината, кога градот на УНЕСКО повторно станува центар на летните случувања, туристите и долгите вечери покрај езерото. Почнувајќи од ова лето жителите и посетителите на Охрид ќе можат со само неколку кликови преку една апликација да нарачаат храна, производи од продавници и аптеки директно до нивната локација. Услугата е достапна во поголемиот дел од урбаното подрачје на градот, опфаќајќи ги старото градско јадро, Канео, центарот на Охрид, Далјан, Воска, Видобишта, Билјанини Извори и други населби долж охридското крајбрежје. На тој начин, Wolt ќе биде достапен и за локалните жители и за илјадниците домашни и странски туристи кои секоја година летуваат во овој балкански бисер.

Корисниците уште дене може да нарачуваат од десетици локални ресторани, продавници и специјализирани продажни места преку мобилната апликација, со следење на нарачката во реално време и сигурна достава. Меѓу најпопуларните на платформата во Охрид се Кебапчилница Вкусно, Restaurant Stanica, Space Burger Ohrid Mall, Bite, Leonardo Pizza, UNO's Pizza, Snack House & Villa Jankuloski, Pink Panter, Mojt Burger и Sky Corner Indian Restaurant. Корисниците ќе имаат пристап и до голем број малопродажни партнери, меѓу кои Apteka Merifarm Ohrid, Via Farm, Tehnomarket Ohrid, Office Plus Ohrid Mall, Pet Shop Prijateli Ohrid и други.

По повод започнувањето со работа во Охрид, секој нов корисник ќе добие 30 проценти попуст на првите две нарачки, како и 14 дена бесплатна достава. Целта е жителите и посетителите уште од самиот почеток да ја почувствуваат едноставноста и практичноста што Wolt ја носи во секојдневието, преку богат избор на локални ресторани и малопродажни партнери, како и бројни ексклузивни понуди и промоции.

Корисниците на Wolt ќе можат да ги користат и придобивките од Wolt+, претплатничката услуга на платформата која овозможува пониски трошоци за достава

и дополнителни поволности, осмислени да обезбедат уште подобро корисничко искуство.

Зоната за достава е внимателно дизајнирана за да ги покрие најфреквентните делови од градот и најголемиот дел од туристичките и станбените области.

„Охрид е град кој живее интензивно во текот на летото и претставува една од најзначајните туристички дестинации во регионот. Возбудени сме што ја носиме Wolt услугата и во Охрид, овозможувајќи им на жителите и посетителите уште поголема удобност, избор и флексибилност во секојдневието“, вели Огњен Љумовиќ, одговорен за продажба и бизнис лидер за Македонија во Wolt.

Со ова, Охрид станува уште еден македонски град во кој Wolt ја проширува својата мрежа, создавајќи нови можности за локалните бизниси, дополнителен извор на приходи за доставувачите и подобро корисничко искуство за сите што сакаат омилените производи да им пристигнат директно на врата.

Ова лето, додека уживате во езерото, плажите и богатата културна понуда на Охрид, омилените оброци и производи се оддалечени само неколку кликови.

Wolt пристигна во Охрид – за уште понезаборавно лето.

## Контакт детали

**Lidija Mirić Mičetić**
Communications Manager for the Adriatic and North Macedonia
lidija.miric.micetic@wolt.com
+38599 7348 652

## Копирај линк

https://press.wolt.com/mk-MK/268002-wolt/